**ТД МАКОШПЕД АД** **ПРЕДЛОГ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 ст.1 т.10 од статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје и чл. 383 ст.1 т.8 в.в чл.479 т.2 од Законот за трговски друштва, Годишното собранието на акционери на својата седница одржана на ден __.05. 2024 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

***за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2024 година***

**Член 1**

Се назначува овластеното ревизорско друштво Пецев Ревизија ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7408650, со седиште на ул. Дрезденска бр. 52 Скопје да изврши ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2024 година.

**Член 2**

Овластениот ревизор од член 1 на оваа одлука поднесува извештај за извршената ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Северна Македонија што се ажурираат годишно, заради усогласување со тековните стандарди така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ).

**Член 3**

Се овластува извршниот член на Одборот на директори - Генерален директор на ТД МАКОШПЕД АД да го потпише договорот за вршење ревизија со назначениот овластен ревизор од член 1 на одлуката.

Трошоците за извршената ревизија се обврска на ТД МАКОШПЕД АД Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е :***

*Годишното собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден __.05.2024 година во рамки на своите овластувања согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва и другите позитивни прописи, донесе одлука како во диспозитивот.*

**Број ______**
**__.__.2024 год.**

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
***Претседавач,***

______________________